**ЗАПИСНИК**
**од 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 01.11.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини и д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Тања Лазароска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска, Александар Џуваревиќ.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата ќе биде отсутен г-дин Трајчев кој што во текот на вчерашниот ден по електронска пошта му испратил известување дека е во странство и дека не може да присуствува на седницата, отсуство исто така го најавил и на минатата седница.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Образложение од ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
2. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски во врска со предложената точка - Образложение од ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата, објасни дека непосредно пред започнување на седницата, до Агенцијата пристигна допис индиректно од Јасна Ерцеговиќ со кој се бара Советот да ја одложи расправата. Според негово мислење рече дека има можност расправата да се одложи до понеделник, 04.11.2019 година кога истекува последниот ден од законски предвидениот рок од 15 дена за да се донесе одлуката. Предложи да му се излезе во пресрет на радиодифузерот и побара од директорот да образложи за што станува збор.

Г-дин Трајчевски објасни дека постапката за одземање на дозволата е започната заради неисполнување на обврските на 1ТВ од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, конкретно кадровските услови во делот на вработени лица. Во таа насока е известен управителот на медиумот 1ТВ Јасна Ерцеговиќ дека треба во утврдениот законски рок да достави податоци за тоа дали ги исполнува кадровските услови. Пред неколку дена од управителот Јасна Ерцеговиќ во Агенцијата стигна допис во кој кажува дека телевизијата не може да ги исполни ниту просторните ниту кадровските услови со што се отвора можноста да биде одземена дозволата за телевизиско емитување. Денес е пристигнато известување во кое се бара одлагање на 8та Јавна седница. Крајниот рок на кој што може да се одржи Јавната седница, а потоа и седница на која би се одлучувало по започнатата постапка за одземање на дозволата на 1ТВ, е понеделник 04.11.2019 година. Во врска со пристигнатиот допис се консултирал со адвокатот Златко Колевски кој што е ангажиран од АААВМУ за правни совети и тој укажал дека управителот Јасна Ерцеговиќ е во притвор заради друга кривична постапка и имала можност да се обрати до судија на претходна постапка за да побара присуство на седницата и тоа е нејзина обврска. Инаку од формално правна гледна точка дописот што е пратен кон Агенцијата за одложување на денешната Јавна седница има недостатоци. Прво, немаат доставено полномошно од адвокатското друштво за да се знае дека навистина тоа адвокатско друштво е ополномоштено од лицето Јасна Ерцеговиќ и втора многу поважна работа согласно Законот за кривична постапка за да биде испратен ваков допис мора да има одобрение од судијата на претходна постапка бидејќи притворениот не може да комуницира без одобрение на судијата на претходна постапка. Формално правно овој допис за Агенцијата и Советот не постои, но и покрај тоа предложи да се даде шанса и да се одложи Јавната седница за понеделник 4 ноември, кога е и последниот рок по кој што Советот ќе може да одлучува.

Г-дин Петрушевски рече дека негов предлог ќе биде да се одложи расправата, но бидејќи веќе имаше дискусија од негова страна и од директорот, рече дека ќе даде можност за дискусија и од членовите на Советот.

Г-дин Фетаи рече, со оглед на образложението од директорот г-дин Трајчевски и согласно предлогот од претседателот г-дин Петрушевски, смета дека најсоодветно е да се одложи седницата и да дискутираат во понеделник кога е и последниот ден од законскиот рок од 15 дена. Се согласува со предлогот и рече дека нема дополнителни дискусии во таа насока.

Г-дин Петрушевски рече не само што ќе се одложи седницата туку и временски ќе се одложи за доцна попладне за да му се даде што повеќе време на радиодифузерот. Предложи продолжението да се одржи околу 17 часот.

Г-дин Фиданоски рече дека и тој ќе се приклучи во контекст на дискусијата која одеше досега. Се согласи со она што како правен совет го дал адвокатот на Агенцијата а го пренесе г-дин Трајчевски. Но сепак за да се даде шанса, законски до последниот ден, смета дека може да се одложи седницата до понеделник и да се види дали телевизијата навистина има интерес за да ја промени состојбата или да даде образложение. Советот ќе ја даде таа можност, дополнително ќе се одржи доцна попладне, практично ќе биде поминат и работниот ден во понеделник. Ќе се има можност ако се сака да се обезбеди таа дозвола од судот за присуство и предложи да се почека до понеделник.

Г-дин Петрушевски по завршување на дискусијата ја прекина седницата и продолжението го најави за во понеделник, 04.11.2019 година во 17:00 часот.

**Точка 2**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-4759/2
08.11 **2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**